**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-262/9**

**Скопје, 03.04. 2006 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие „Комунална хигиена“-Скопје ( во понатамошниот текст „Комунална хигиена“) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 15 до 18.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на „Комунална хигиена“ за 2001 година. За годината 2003 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Илија Костов - в.д. директор од 10.05.2002 година до 26.04.2005 година,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 14, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 19.12.2005 до 14.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска- самостоен ревизор,
   - Весна Младеновска, виш ревизор,
   - Билјана Арсовска Андонова, виш ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Лепосава Шкилевиќ, помлад ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на одговорното лице на субјектот, за периодот за кој е вршена ревизијата добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 1304-262/8 од 13.03.2006 година и тоа на точките 10.4.4; 10.4.5; 10.4.6; 10.4.8; 10.4.9. и 10.4.10. Овластениот државен ревизор истите ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Заклучно со известувачкиот датум „Комунална хигиена“ во трговските книги на име пресметан а неуплатен данок на додадена вредност искажува обврска во износ од 54.151 илјада денари. Непочитувањето на одредбите од Законот за данокот на додадена вредност и непревземањето на активности и мерки за подмирување/плаќање на пресметаната обврска до денот на ревизијата предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Република Македонија за наведениот износ.

11.1.2. „Комунална хигиена“ во трговските книги искажала обврски за останати неспомнати даноци, придонеси и други давачки во износ од 1.714 илјади денари кои произлегуваат од поранешни години за пресметани средства на солидарноста, без притоа да се превземат конкретни активности за нивно плаќање согласно Наредбата за уплата на средствата на солидарноста. Непочитувањето на наведената наредба и неуплатување на наведените средства во корист на трезорската сметка „средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ предизвикува потценување на приходите на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

11.1.3. Донесена е Одлука за усвојување на Ценовник на дополнителни услуги кои ги врши ЈП Комунална хигиена од страна на Управниот одбор заведена под број 02-7443/5 од 12.09.2003 година и за истата не е добиена согласност од основачот, што е спротивно на одредбите од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон и непревземањето на активности за обезбедување на наведената согласност предиузвикува „Комунална хигиена“ да

извршува дополнителни услуги по цени кои не се одобрени од надлежен орган.

11.1.4. „Комунална хигиена“ воспоставила пракса на исплата на регресот за исхрана на вработените и за деновите кога истите имаат надоместоци/примања по основ на дневници за службени патувања, што е спротивно на одредбите на Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност и Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на работниците во Ј.П. „Комунална хигиена“. Невоспоставувањето на интерни контролни постапки и непочитувањето на наведените договори при исплата на други надоместоци/примања предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата.

11.1.5. Не е извршено усогласување на Статутот, актите за организација и систематизација на работните места и програмските акти во рок од 60 дена од денот на објавувањето на уписот во Трговскиот регистар, кое е уредено со Одлуката број 02-8200/2 од 06.12.2002 година за прифаќање на припојувањето на ЈП санитарна депонија за цврст отпад „Дрисла“ кон „Комунална хигиена“. Непочитувањето на одредбите на наведената одлука и непревеземањето на активности за усогласување на наведените акти предизвикува исплатата на платите, надоместоците на платите и другите примања на вработените во наведеното претпријатие да се извршува по Правилник кој не е усогласен и не се опфатени сите вработени (вработените од „Дрисла“) во претпријатието.

11.1.6. Правилникот за организација и систематизација на работните места-пречистен текст број 02-4074/6-1 од 06.09.1995 година не е усогласен со одредбите од Одлуката наведена во точка 10.1.5., и не содржи: опис на работните задачи на секое работно место со условите што работникот треба да ги исполнува за вршење на работите за соодветното работно место и бројот на извршители за сите работни места. Непревземањето на активности за изработка на наведените акти и недефинирање на вкупниот број работници, предизвикува и овозможува: несоодветно организирање и рационализација на трошоците и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила од страна на директорот на претпријатието.

11.1.7. Не се превземени соодветни мерки и активности за усогласување на одредбите утврдени во членот 30-а и 33-а од Статутот на „Комунална хигиена“, каде е утврдено дека директорот и заменик директорот по истекот на мандатот има право на плата за време до една година, со одредбите од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Непревземањето на мерки и активности за усогласување на статутарните одредби со наведените законски одредби овозможува остварување на незаконски матријални права на избраните лица по денот на нивното разрешување.

11.1.8. „Комунална хигиена“ пристапила кон склучување на договори за собирање, транспортирање и согорување на медицински отпад со 100 правни субјекти до денот на ревизијата. Од наведените субјекти 42 правни субјекти одлагаат медицински отпад согласно склучените

договори додека 19 правни субјекти повремено одлагаат медикаменти со поминат рок.

Ваквата состојба предизвикува ревизијата да изрази сомнеж за: останатите 39 правни субјекти кои имаат склучено договори и оние правни субјекти кои немаат склучено договори со „Комунална хигиена“ а генерираат медицински отпад, дека не ги почитуваат одредбите од склучените договори односно соодветните законски акти, што е спротивно на Законот за отпадот, Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата и одредбите од Уставот на Република Македонија. Непочитувањето на одредбите од договорите и наведените акти и Уставот на Република Македонија предизвикува несоодветно постапување со медицинскиот отпад и можност за доведување во опасност на животот и здравјето на луѓето и опстанокот на животинскиот и растителниот свет и загадување на животната средина и природата.

**Препораки и мерки:**

1. „Комунална хигиена“ да изврши плаќање на неплатените обврски на име данок на додадена вредност и средства на солидарноста.

2. „Комунална хигиена“ да превземе активности за обезбедување на согласност од основачот Град Скопје на Ценовникот на дополнителни услуги кои ги врши ЈП Комунална хигиена.

3. „Комунална хигиена да воспостави интерни контролни постапки кои ке овозможат доследно почитување од одредбите од колективните договори.

4. Да се превземат активности за усогласување на статутарните одредби и актите за организација и систематизација на работните места, при што во актот за организација и систематизација на работните места да бидат предвидени бројот на извршители, описот на работните задачи и условите кои се потребни да ги поседуваат вработените.

5. „Комунална хигиена“ да превземе соодветни мерки и активности за известување на правните субјекти и надлежните органи за доследно почитување на законските акти и соодветно постапување со медицинскиот отпад.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. „Комунална хигиена“ не превземала мерки и активности за пропишување на соодветни сметководствени политики кои ке овозможат доследно почитување на интерните акти и правилно вреднување на залихите. Од страна на комисија (составена од редот на вработените а формирана со Решение број 03-7584 од 12.09.2003 година) за проценка на вредноста на резервните делови, извршена е проценка на вредноста на резервните деловни според нивната нето реализациона вредност, за кое Управниот одбор донесува Одлука број 02-9246/4 од 07.11.2003 година за одобрување на новоформираните (нивелирани) цени на дел од залихите на резервни делови и распишување на лицитација за нивна продажба. И покрај тоа што е извршено проценка на вредноста на залихите истото не е спроведено во трговските книги што е спротивно на МСС 2-Залихи. Не спроведувањето на новопроценетата вредност на овој дел од залихите

во трговските книги предизвикува нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи.

11.2.2. Не се презентирани соодветни нормативи/критериуми за потрошувачката на горива и мазива за возилата со кои располага претпријатието. Непрезентирањето, отсуството и непревземањето на активности за пропишување на соодветни нормативи/критериуми за потрошувачката на горива и мазива за возилата со кои располага претпријатието предизвикува да се оневозможи следење на законското и наменското трошење на средствата.

11.2.3. Не се превземени соодветни мерки и активности за пропишување на соодветни политики за начинот на постапување со расходуваните основни средства, ситен инвентар, алат, суровини и материјали, што е спротивно на МСС. Изготвен е извештај од централната пописна комисија за извршениот попис на имотот на „Комунална хигиена“-Скопје, со состојба на ден 31.12.2004 година заведен под број 03-742 од 26.01.2005 година и донесена Одлука за усвојување на резултатите од извршениот попис на вкупниот имот на претпријатието, со состојба на 31.12.2004 година заведена под број 02-701/2 од 28.01.2005 година а донесена од Управниот одбор, без притоа во ниту еден од наведените акти да се утврди начинот на постапување со расходованите средства. Недефинирањето на понатамошната постапка на расходованите средства создава можност за неовластено отугување на истите и здобивање со имотна корист на поединци.

11.2.4. Не се превземени соодветни мерки и активности за координација и следење на постапките при изготвување на Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје за 2004 година и Програмата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на град Скопје. Ревизијата утврди неусогласеност на податоците за висината на потребните средства за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје за 2004 година, за која се планирани средства во износ 147.688 илјади денари а во другата програма во која се генерираат приходите за оваа иста активност се предвидени 228.799 илјади денари (што преставува 35 % од вкупно планираните приходи во износ од 653.713 илјади денари). Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно презентирање на податоците и неусогласување на податоците за потребните средства за Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје за 2004 година за износ од 81.111 илјади денари.

11.2.5. Не се превземени активности и мерки за извршување на целосен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата со кои располага претпријатието, што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на соодветни мерки и активности и непочитувањето на наведените одредби предизвикува: неискажување на вредноста на уметничките слики во трговските книги и неутврдена фактичка состојба на земјиштето и градежните објекти.

**Препораки и мерки:**

1. “Комунална хигиена“ да превземе мерки и активности за пропишување на соодветни сметководствени политики кои ке овозможат доследно почитување на МСС и реално и објективно проценување и искажување на залихите.

2. Да се превземат активности и мерки за пропишување на соодветни нормативи/критериуми за потрошувачката на горива и мазива за возилата со кои располага претпријатието.

3. Да се превземат соодветни активности и мерки за пропишување на соодветни политики за начинот на постапување на расходуваните основни средства, ситен инвентар, алат, суровини и материјали.

4. Да се превземат соодветни мерки и активности кои ке овозможат координација помеѓу претпријатието и основачот која ќе преставува основа за веродостојно и реално изготвување и презентирање на програмите.

5. Да се превземат активности и мерки за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат извршување на целосен и правилен попис средствата со кои располага претпријатието.

11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. На позицијата вложувања во хартии од вредност во Билансот на состојба со состојба 31.12.2004 година искажана е вредност од 25.285 илјади денари за вкупно 13.997 акции. Со увидот во известувањето од централниот депозитар за хартии од вредност се констатира дека вредноста на вложувањата кои „Комунална хигиена“ ги има во други правни лица/акционерски друштва изнесуваат 7.202 илјади денари за вкупно 5.596 акции (обични и приоритетни). Ваквата состојба укажува дека „Комунална хигиена“ и покрај тоа што имала сознание за неусогласеност на вложувањата за износ од 18.083 илјади денари, не превземала соодветни мерки и активности за осознавање на причините за ваквата состојба и нивно реално и објективно презентирање во финансиските извештаи. Непревземањето на соодветните мерки и активности предизвикува неможност за осознавање на причините за ваквата состојба, намалена вредност на вложувањата и нереално и необјективно прикажување на наведената позиција. (прилог број 1)

11.3.2. Со известувачкиот датум на сметката трговски стоки на склад во трговските книги искажано е салдо во износ од 5.331 илјади денари, при што износот од 2.105 илјади денари од наведеното салдо се однесува на залиха на трговска стока-Деловен простор за продажба. За искажаната состојба непостои уредна евиденција за искажаните сметководствени промени на ова сметка, нема аналитичка евиденција од каде ке се потврди наведеното салдо ниту пак на крајот на пресметковниот период е направен физички попис на наведените објекти, што е спротивно на Законот за трговски друштва. Непостоењето на уредна евиденција и непостоење на аналитичка евиденција пооделно по објекти предизвикува неможност од потврдување на веродостојноста на искажаната состојба на деловните објекти наменети за продажба.

11.3.3. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните

позиции. Од вкупно испратените 115 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 52 одговори, што претставува 45,22% од вкупно испратените, од кои 46 се потврдени односно 88,46% од пристигнатите а 6 не се потврдени односно 11,54%, додека 63 воопшто не одговорија што претставува 54,78% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. „Комунална хигиена“ да воспостави соодветни политики за редовно следење, признавање и искажување на вложувања во трговските книги.

2. Да се превземат активности за осознавање и потврдување на веродостојноста на искажаната вредност на сметките во трговските книги.

3. Да се превземат активности за конфирмирање на побарувањата и обврските кое ќе преставува основа за усогласување на побарувањата и обврските и нивното реално и објективно прикажување во финансиките извештаи.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Извршени се набавки на материјали, резервни делови,ситен инвентар, авто-гуми, изведување на градежни работи и услуги без постоење на план за јавни набавки, во вкупен износ од 115.113 илјади денари и за истите не е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, набавки по повисоки цени, и необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.(Прилог број 2)

11.4.2. Извршено е ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во “Комунална хигиена“ за што се искажани трошоци на име услуги и персонален данок во вкупен износ од 8.863 илјади денари, што е спротивно на Законот за облигационите односи и Законот за работните односи. Непочитувањето на законските прописи придонесува за ненаменско и незаконско користење на средства во износ од 8.863 илјади денари.

11.4.3. “Комунална хигиена“ извршила исплата на име регрес за годишен одмор на вработените во вкупен износ од 8.043 илјади денари без донесен акт од надлежен орган, што е спротивно на статутарните одредби на претпријатието. Непревземањето на активности за изготвување и донесување на соодветен акт од надлежниот орга за оваа намена и непочитувањето на наведените одредби предизвикува ненаменско користење на средства во износ од 8.043 илјади денари.

11.4.4. На ден 23.04.2003 година склучен е договор за одобрување на позајмица на средства во износ од 300 илјади денари заведен под број 03-3298 помеѓу „Комунална хигиена“како заемодавач и лицето Г.Ф. како заемопримач. Согласно одредбите од наведениот договор е наведено дека истите средства се одобруваат врз основа на Одлука од

Управниот одбор, рок на враќање од 48 еднакви месечни рати започнувајќи од 01.07.2003 година заклучно со 30.07.2007 година, без камата. На ревизијата не е презентирана наведената одлука што е спротивно на член 24 од Законот за државната ревизија („службен весник на Р.М.“ број 73/2004). Средствата се одобрени без согласност на осничачот што е спротивно на Законот за јавните претпријатија. Во отсуство на согласност од основачот за одобрување на наведената безкаматна позајмица, непрезентирана одлука од управниот одбор, неосознавање на намената, причините и мотивите за одобрување на наведената позајмица, не пишани клаузули за обезбедување на дадената позајмица и одобрување на истата без обврска за пресметување на камата, ревизијата изразува сомнеж за законското и наменското одобрување на средства.

11.4.5. Со известувачкиот датум „Комунална хигиена“ користи повеќе краткорочни кредити од Комерцијална банка АД Скопје во вкупен износ од 25.000 иљади денари односно по договор за кредит број: 05-760 од 02.02.2004 година на износ од 10.000 иљади денари, 05-5059 од 04.06.2004 година на износ од 5.000 иљади денари, 05-8566 од 13.09.2004 година на износ од 10.000 иљади денари, сите со каматна стапка од 12 % годишно декурзивно и рок на вракање од една година.
За задолжувањето кај наведеното акционерско друштво „Комунална хигиена“ нема донесено акт од надлежен орган и не обезбедила согласност од основачот, што е спротивно на Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските одредби и превземање на активности за задолжување во услови кога претпријатието на наменската сметка (за која на ревизијата не се презентирани акти за нејзината намена и основ на формирање и издвојување на средствата) во истата банка на денот на склучувањето на договорите располага со средства во износ од 9.879 иљада денари, односно 10.035 иљади денари односно 10.157 иљади денари, предизвикува: незаконско задолжување и создавање/плаќање обврски на име камати и незаконско и ненаменско користење на средства.

11.4.6. „Комунална хигиена“ на ден 06.11.2002 година го склучува договорот број 57 за краткорочна позајмица со Акционерско друштво за осигурување Вардар Скопје во износ од 5.000 иљади денари со рок на враќање до 06.01.2003 година и каматна стапка од 1,8% месечно по конформна метода. По наведениот договор склучени се 7 Анекси за продолжување на рокот на враќање и намалување на каматната стапка на 1,50 месечно на 30.06.2003 година, на 1,20 месечно на 06.05.2004 година, притиоа пролонѓирајки го истиот до 31.12.2005 година. До денот на ревизијата позајмицата не е вратена во износ од 4.975 иљади денари, ниту се превземени активности за нејзино враќање и покрај тоа што заклучно со месец 11/2005 година на име камати се пресметани средства во износ од 2.613 иљади денари.
За задолжувањето кај наведеното акционерско друштво „Комунална хигиена“ нема донесено акт од надлежен орган и не обезбедила согласност од основачот, што е спротивно на Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските одредби и превземање на активности за задолжување во услови кога претпријатието на наменската сметка (за која на ревизијата не се презентирани акти за нејзината намена и основ на формирање и издвојување на средствата) во Комерцијална банка АД Скопје на денот на склучувањето на договорот располага со средства во износ 2.419 иљади денари за да на крајот на 2002 завршува со салдо од 3.843

илјади денари, крајот на 2003 година со 9.841 илјада денари и крајот на 2004 година со салдо од 13.312 илјади денари, предизвикува: нанесување на матријална штета на претпријатието, овозможување на имотна корист на други правни субјекти, незаконско задолжување, да создава/плаќа обврски на име камати и незаконско и ненаменско користење на средства.

11.4.7. Извршени се плаќања во износ од 404 илјади денари во корист на Синдикалната организација на „Комунална хигиена“ врз основа на Одлука број 02-4226/5 од 28.05.2003 година и Одлука број 02-4273/8 од 21.05.2004 година донесени од страна на Управниот одбор, без утврдена намена. Извршените плаќања во корист на синдикалната организација без обврска да ги врати истите и без утврдена намена на користење на истите, предизвикува ненаменско користење на средствата.

11.4.8. Склучен е договор за купопродажба на два стана заведен под број 05-4751 од 12.11.1996 година помеѓу „Комунална Хигиена“-продавач и лицето М.Н.-купувач вработено во претпријатието. Извршена е продажба на два стана во вкупна површина од 115,58 метри квадратни, по цена од 1.000 ДМ по метар квадратен односно вкупно 114.000 ДМ, со начин на плакање 30.000 ДМ по потпишувањето на договорот и 84.000 ДМ со рок на плаќање од 15 години односно месечен износ од 466 ДМ, со обврска „Комунална хигиена“ да воспостави интабулација на двата стана. Продавачот не превземал активности за воспоставување на интабулација на продадените станови и истата до денот на ревизија не е воспоставена што е спротивно на одредбите од наведениот договор, ниту пак превземал активности за: дополнително обезбедување на наведеното побарување, не пресметал камата за ненавремено плаќање на месечните рати и поведување на соодветна постапка против наведеното лице за ненавремено плаќање. Ваквата состојба предизвикува нанесување на матријална штета на претпријатието поради тоа што: нема обезбедување за своето побарување, нема наплатено доспени месечни рати заклучно со 31.12.2004 година средства во износ од 858 илјади денари и можност наведените станови да бидат отуѓени пред да бидат исплатени .

11.4.9. „Комунална хигиена“ воспоставила деловни односи со правното лице Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ акционерско друштво каде овластено лице претседател на управен одбор и генерален директор без ограничувања во внатрешниот и надворешниот трговски промет е лицето Л.К. кое е член на семејството на И.К. в.д. директор без ограничувања на „Комунална хигиена“, така што во текот на 2004 година остварува промет во износ од 11.856 илјади денари. Ревизијата истакнува дека ваквата пракса била присутна и во претходните години а особено што во текот на 2002 и 2003 година „Комунална хигиена“ врши продажба на два деловни простора; и воедно изразува сомнеж дека лицето И.К. постапил спротивно на член 23; 25 и 33 од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Р.М.“ број 83/2004-пречистен текст) односно не доставил до државната комисија за спречување на корупцијата: известување за воспоставени деловни односи со правното лице Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ акционерски друштво, пријава за остварениот промет со државен имот и изјава за учество на јавни огласи.

11.4.10. „Комунална хигиена“ воспоставила пракса на набавка на деловен простор и станбен простор по пат на склучување на договори за здружување на средства за изградба на станбен/деловен простор и договори за купопродажба со повеќе правни и физички лица, при што во трговските книги искажува материјални средства за кои непостојат/не се презентирани на ревизијата соодветни акти од надлежните органи за: извршената промена во трговскиот регистар за обавување на дејност и изградба и продажба на градежни објекти, нивната набавка и нивното упишување во јавните книги/имотен лист, детално опишано во преглед број 3, односно:

- На ден 02.03.2001 година „Комунална Хигиена“ застапувана од лицето Д.П. склучува три договори за здружување на средства за изградба и еден договор за купопродажба со АГД „ИЛИНДЕН“Ц.О.Скопје, односно договор број 03-1416 за здружување на средства за изградба на станбен простор во површина од 96,92 метри квадратни и гаражно место во површина од 18,64 метри квадратни по вкупна вредност од 173.898 ДЕМ; договор број 03-1417 за здружување на средства за изградба на деловен простор во површина од 21,59 метри квадратни во вредност од 73.406 ДЕМ, договор број 03-1418 за здружување на средства за изградба на деловен простор во површина од 19,68 метри квадратни по вредност од 66.912 ДЕМ и договор број 03-1415 за купопродажба на деловен простор од cca 26,77 метри квадратни во вредност од 1.034 илјади денари.

„Комунална хигиена“ не презентираше: одлука од надлежните органи и согласност од основачот за инвестициони вложувања; податоци/акт дека ваквите вложувања се предвидени во Предлогот за инвестиционите вложувања за тековната 2001 година; опомена за непочитување на одредбите од договорите број 03-1416, 03-1417 и 03-1418 во поглед на техничкиот прием (април 2003 година) и примопредавањето и имотен лист за упишување на сопственоста.

- На ден 09.02.2000 година „Комунална хигиена“ застапувано од лицето Д.П. склучува договор број 03-746 за здружување на средства за изградба на деловен простор со лицата З.Д.; А.Д.; С.Д. и В.Д. преставувани од З.Д. како организатор на изградбата и здружувањето на средствата за изградба на деловен простор во површина ПВК 150,73 метри квадратни по цена од 2.300ДМ односно 346.679 ДМ односно 10.782 илјади денари, при што износот од 8.392 илјади да се плати со цесија склучена со градот Скопје на име надомест за уредување на градежно земјиште а преостанатиот дел од 2.390 илјади денари по пат на цесии и компензации со трети правни лица, и обврска за извршување на технички прием заклучно со 15.12.2000 година.

  На ден 09.10.2003 година „Комунална хигиена“ застапувана од лицето И.К. склучува Анекс број 1 заведен под број 03-8355 кон Договорот за здружување на средства за изградба на деловен простор број 03-746. Со склучениот договор се врши измена на став 1 во членот 1 и тоа „деловниот простор означен на локација број 2 на приземје на ул. „Марко Цепенков“ б.б. со површина е од 98 метри квадратни, односно вкупна површина од 153 метри квадратни, е опишан во имотен лист број 31296...“.

  Од погоренаведеното и со увидот во нотарски акт број ОДУ бр.32/04 од 12.03.2004 година, ревизијата изразува сомнеж во бројот на деловните простори, површината и местоположбата на соодветна катастарска парцела.

„Комунална хигиена“ не презентираше: одлука од надлежните органи и согласност од основачот за инвестициони вложувања; податоци/акт дека ваквите вложувања се предвидени во Предлогот за инвестиционите вложувања за тековната 2000 година;

- На ден 12.12.2002 година „Комунална хигиена“ застапувано од лицето И.К. склучува договор број 03-8489 за здружување на средства за изградба на деловен простор со ЗОКО-ЗОРАН ДООЕЛ преставувани од З.Д. како организатор на изградбата и здружувањето на средствата за изградба на деловен простор во површина локал 3/1 со ПВК од 37,21 метар квадратен, локал број 3/2 со ПВК од 36,6 метри квадратни и локал број 3/3 со ПВК од 31,72 метри квадратни односно со вкупна површина од 105,53 метри квадратни по цена од 1.400 ЕУР по метар квадратен односно 147.742 ЕУР со пресметан ДДВ и уреден начин на плаќање односно со компензација помеѓу градот Скопје, здружувачот и организаторот(извршена пред денот на склучување на договорот) во износ од 5.011 илјади денари и остатокот со компензации со трети лица.

„Комунална хигиена“ не презентираше: одлука од надлежните органи и согласност од основачот за инвестициони вложувања; податоци/акт дека ваквите вложувања се предвидени во Предлогот за инвестиционите вложувања за тековната 2002 година и имотен лист за упишување на сопственоста.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за сопственост и други стварни права и статутарните одредби, пречекорувањата на овластувањата од страна на лицата кои ја застапувале „Комунална хигиена“ и непревземањето на соодведтните мерки и активности предизвикува: извршување на дејности за кои не е регистрирана „Комунална хигиена“, превземање на активности надвор од своите овластувања и надлежности, неможност „Комунална хигиена“ да располага со дел од погоре опишаниот деловен и станбен простор, да изврши нивно упишување во јавните книги, а воедно овозможување на имотна корист на физички и правни лица.

11.4.11. На име трошоци за потрошено гориво во трговските киниги искажани се вкупно 3.010 илјади денари и тоа 1.522 илјади денари за возила во сопственост на претпријатието, 1.506 илјади денари за возила кои не се во сопственост на претпријатието и 82 илјади денари за возила сопственост на вработените, без веродостојни сметководствени документи односно не е приложен патен налог и опис на работната задача која е потребно да се изврши со конкретното користење на соодветното возило. Неприложувањето на наведените документи и не презентирањето на истите на ревизијата предизвикува можност за ненаменско и незаконско користење на средствата за оваа намена.

11.4.12. На име трошоци за службени патувања во странство евидентирани се 806 илјади денари без донесен соодветен писмен акт од надлежен орган за извршените службени патувања во странство, што е спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата и управните организации им се признаваат во тековни трошоци и Статутот на „Комунална хигиена„. Непочитувањето на наведените акти и недонесувањето на соодветен писмен акт за извршените службени патувања во странство има за ефект узурпирање на надлежностите на надлежните органи и незаконско и ненаменско користење на средства во износ од 806 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. “Комунална хигиена“ да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

2. „Комунална хигиена“ да обезбеди доследно почитување на законските прописи а посебно од областа на работните односи при што ангажирањето на физички лица за извршување на одредени обврски и нивното вработување го разреши во соработка со основачот и донесените интерните акти за организација и систематизација на работите и работните задачи.

3. „Комунална хигиена“ да превземе активности за воспоставување на соодветни процедури и да превземе соодветни мерки кои ќе оневозможат исплата на одредени надоместоци во корист на вработените без да постои соодветен акт донесен од надлежен орган.

4. „Комунална хигиена“ да превземе мерки и активности за испитување на причините за одобрување на средствата на име безкаматна позајмица и ја испита и утврди одговорноста на лицата кои придонеле за одобрување на наведените средства.

5. Да се воспостават соодветни политики кои ќе оневозможат одобрување на позајмици на финансиски средства а за одобрените средства надлежните органи ја утврдат одговорноста за одобрување на наведената позајмица и пристапат кон склучување на анекс кон наведениот договор за обезбедување на дадената позајмица и пресметување на камата.

6. „Комунална хигиена“ да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на основачот и да пристапи кон утврдување на одговорноста на лицата кои овозможиле задолжување на претпријатието без согласност и во услови кога претпријатието располага со соодветен износ на парични средства.

7. „Комунална хигиена“ да превземе мерки и активности за наплата на побарувањата од лицето М.Н., да пристапи кон пресметување на камати за ненавременото плакање на побарувањата од наведеното лице, изврши обезбедување на побарувањето и ја испита одговорноста на надлежните органи и поединци за начинот на потпишувањето на договорот и отугување на стамбениот објект.

8. Да се превземат активности кои ќе овозможат доследно почитување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и се испита евентуалната одговорност на поиединци.

9. “Комунална хигиена” во најкраток можен рок да пристапи кон превземање на мерки за: расчистување на имотно правните односи за деловни простори и станбените објекти, стекнување на правото на сопственост, нивно упишување во јавните книги, обештетување на претпријатието за неможноста за нивно користење во досегашниот период и испитување на одговорноста на надлежните органи и поединци.

10. Да се воспостават соодветни политики кои ќе овозможат признавањето на трошоците во трговските книги да се извршува врз основа на веродостојни сметководствени документи.

11. “Комунална хигиена” да обезбеди целосно почитување на одредбите на Уредбата за издатоците за службено патување и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

11.5. **Неправилности во ИТ системот**

11.5.1. Апликативниот софтвер за водење на трговските книги е поставен на сервер машина и платформа која е нефлексибилна, некомпатибилна со други платформи и неможност од нејзина дополнителна надградба. Внесувањето на податоците во трговските книги се врши преку терминали кои споредени со персоналните компјутери се неекономични и неефикасни. Непревземањето на активности за изготвување на ИТ стратегија и активности за развој на информациониот систем, предизвикува постоење на несоодветен апликативен софтвер и неможност од негово понатамошно функционално надоградување.

**Препораки и мерки:**

1. „Комунална хигиена“ да пристапи кон: изготвување на стратегија и оперативен план за развој на информациониот систем, развивање и воведување на безбедоносни политики за сеопфатна ИТ безбедност.

11.6. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2; 11.3, 11.4 и 11.5 предизвикуваат „Комунална хигиена“ да: нема доследна примена на законските прописи и интерните акти, не ги подмири сите обврски према Буџетот на Република Македонија, се задолжува без согласност на основачот, не обезбеди согласност од основачот за ценовникот на дополнителните услуги, не изврши усогласување на статутарните одредби и интерните акти, нема правилно вреднување на залихите, непостојат соодветни нормативи/критериуми за потрошувачката на горива и мазива, не изврши целосен попис на материјалните средства, искаже несоодветна вредност на вложувањата, исплата на средства без веродостојни и вистинити документи, злоупотреба на овластувањата, остварува незаконско и ненаменско користење на средствата и овозможува имотна корист на други правни лица и поединци.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.3. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на „Комунална хигиена“ под 31 Декември 2004 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1; 11.2. и 11.4., кај „Комунална хигиена“ не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. „Комунална хигиена“ е потребно да превземе интензивни мерки и активности во насока на усогласување на своето работење со одредбите на Законот за управување на отпадот („Службен весник на Р.М.“ број 68/2004), кои ќе преставуваат основа и гаранција дека претпријатието успешно ќе го заврши

своето усогласување во рокот утврден во член 145 од наведениот закон односно во рок од три години сметано од 13.октомври 2004 година.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на „Комунална хигиена“ во текот на ревизијата и известување за превземените мерки за дадените препораки и мерки на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2001 година:

15.1. По завршување на ревизијата „Комунална хигиена“ изврши корекција на одредени состојби на сметките во трговските книги за 2005 година по дадена исправка од страна на ревизијата која што за ефект има зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2004 година за износ од 3.545 илјади денари. Исправката е спроведена со налог број 5/2; 5/136 и 1/рд од 31.12.2005 година.

15.2. „Комунална хигиена“ превземала мерки само за утврдениот наод во точка 1.3. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2001 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 03.04.2006 година**

**Максим Ацевски**

**Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 682,440 | 689,139 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 67,573 | 69,433 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **750,013** | **758,572** |
| Материјални трошоци | 3.5. | 161,014 | 155,255 |
| Трошоци за бруто плати | 3.6. | 269,116 | 274,566 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.7. | 41,779 | 45,281 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.8. | 132,743 | 154,764 |
| Останати оперативни трошоци | 3.9. | 85,943 | 93,228 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **690,595** | **723,094** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.3. | 659 | 2,534 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.4. | 127 | 86 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.10. | 23,850 | 8,260 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **36,354** | **29,838** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **36,354** | **29,838** |
| **Данок од добивка** | | **18,407** | **22,937** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **17,947** | **6,901** |

Образложенијата дадени од страна 19-36 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1 | 26,116 | 20,281 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2 | 449,105 | 386,477 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3 | 107 | 6 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4 | 3,445 | 3,646 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5 | 505 | 251 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.6 | 2,124 | 3,346 |
| Залихи | 4.7 | 42,371 | 36,680 |
| **Вкупно тековни средства** | | **523,773** | **450,687** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.8 | 330,040 | 321,377 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.9 | 25,815 | 28,392 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **355,855** | **349,769** |
| **Вкупна актива** | | **879,628** | **800,456** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.10 | 51,751 | 56,211 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.11 | 372 | 514 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 4.12 | 17,171 | 108 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.13 | 23,454 | 15,059 |
| Останати краткорочни обврски | 4.14 | 97,060 | 55,165 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.15 | 42 | 77 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **189,850** | **127,134** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.16 | 28,851 | 30,342 |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.17 | 427,201 | 427,201 |
| Ревалоризациона резерва | 4.18 | 19,646 | 19,646 |
| Резерви | 4.19 | 3,727 | 1,035 |
| Акумулирана добивка | 4.20 | 195,098 | 189,233 |
| Нето добивка | 4.21 | 15,255 | 5,865 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **660,927** | **642,980** |
| **Вкупна пасива** | | **879,628** | **800,456** |

Образложенијата дадени од страна 19-36 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Добивка од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **427,201** | **1,035** | **19,646** | **189,233** | **-** | **637,115** |
| Добивка за финансиска 2004 година | | 2,692 | | | 15,255 | **17,947** |
| Распределба на добивката за 2003 година во акумулирана добивка | | | | 5,865 | | **5,865** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **427,201** | **3,727** | **19,646** | **195,098** | **15,255** | **660,927** |

Образложенијата дадени од страна 19-36 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2004/2003** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **36,354** |
| Амортизација | 41,779 |
| Ттрошоци од поранешни години и пресметани камати | 636 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 41 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 13 |
| Данок од добивка | (16,504) |
| **Готовински текови од работење** | **62,319** |
| Побарувања по основ на продажба | (62,628) |
| Побарувања од поврзани субјекти | (101) |
| Други краткорочни побарувања | 201 |
| Платени трошоци за идните периоди | (254) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 1,222 |
| Залихи | (7,734) |
| Обврски спрема добавувачи | (4,460) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (142) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 17,063 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 8,395 |
| Останати краткорочни обврски | 41,922 |
| Одложени плаќања на трошоци | (35) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **55,768** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 2,577 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (51,019) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(48,442)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (1,491) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(1,491)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **5,835** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **20,281** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **26,116** |

Образложенијата дадени од страна 19-36 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1304-262/19**

**Скопје, 18.05. 2006 година**

Врз основа на член 27 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004-Пречистен текст) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на Јавно претпријатие Комунална хигиена-Скопје (во понатамошниот текст Комунална хигиена) за 2004 година заведен под број 1304-262/18, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното:

## ***Р Е Ш Е Н И Е***

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точките 11.4.4.; 11.4.5.; 11.4.6.; 11.4.8.; 11.4.9. и 11.4.10.; од Конечниот извештај за извршена ревизија на Комунална хигиена за 2004 година **не се прифаќа**.
2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Комунална хигиена за 2004 година поднесен е приговор заведен под бр. 1304-262/18.

Образложенијата за неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на точката 11.4.4. кој се однесува на констатацијата за склучен договор за одобрување на позајмица во износ од 300 илјади денари на вработен за која не се презентирани соодветни веродостојни документи и непревземени активности за обезбедување на дадената позајмица **не се прифаќа**, поради тоа што приговорот на оваа точка не преставува приговор, напротив тоа се кажувања дека констатираните состојби во целост се прифатени и истите преставуваат само објаснувања за констатираните состојби односно дека истото е направено од човечки и раководен аспект на кој успехот на претпријатието е најбитно.

   **Цитат** „Точно е според мое сеќавање, дека овие средства се одобрени без согласност од основачот и колку што знам, без Одлука на Управен одбор, но во секој случај можам да тврдам дека за вакво одобрување на средства не постоеше никаква умисла, ниту намера да се добие било каква противзаконска корист“.

2. Приговорот на точките 11.4.5. и 11.4.6. кој се однесува на констатацијата за користени краткорочни кредити од Комерцијална Банка АД Скопје и Акционерско друштво за осигурување Вардар Скопје, без донесен акт од надлежен орган и обезбедена согласност од основачот **не се прифаќа**, поради тоа што со истиот не се приложени дополнутелни докази кои ке ги оспорат утврдените состојби од ревизијата, туку истите преставуваат елаборирање за причините за таквата состојба, односно дека претпријатието било во катастрофална лоша состојба, потоа настанале измени во Законот за данок на додадена вредност кои негативно влијаеле во финансиското работење, а се со цел да се пребреди ваквата состојба морало да се задолжува претпријатието и да формира одредена резерва на парични средства поради водени постапки пред надлежните органи.

3. Приговорот на точката 11.4.8. кој се однесува на констацијата за извршената продажба на два стана на лице вработено во Комунална хигиена **не се прифаќа**, поради тоа што со доставениот приговор не се оспорува утврдената состојба од ревизијата туку обелоденување на фактот дека одговорното лице за ваквата состојба прв пат разбира од утврдената состојба на ревизијата и дека тоа се случило во 1996 година.

4. Приговорот на точката 11.4.9. кој се однесува на констатацијата за воспоставените деловни односи со Технокомерц АД каде лицето Л.К.- генерален директор и претседател на Управниот одбор е член на семејството на одговорното лице за финансиските извештаи на Комунална хигиена-Скопје за периодот за кој е вршена ревизијата, **не се прифаќа**, поради тоа што упатениот приговор преставува објаснување за начинот на постапката за набавка на матријалите, дека тоа морало да се применува поради лошата состојба на претпријатието, дека одлуките за набавките ги донесувале заедно со заменик директорот и дека за секоја одлука постоело два потписа и дека со Технокомерц соработувале и пред тој да биде директор. Главниот државен ревизор го ценеше укажувањето од страна на одговорното лице дека на ден 30.01.2003 година доставил до Државната комисија за спречување на корупцијата Анкетен лист за пријавување на имот во делот за хартии од вредност, и поодделни три изјави доставени до претпријатието по однос на учество на отворени повици за јавни набавки, при што укажува дека утврдените состојби во точката 11.4.9. се однесуваат на непочитување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата во делот на: известување за воспоставени деловни односи со правното лице Технокомерц а.д. согласно член 23 од наведениот закон, пријавување на остварениот промет со државен имот согласно член 25 и доставување изјава за учество на јавни огласи согласно член 33 од истиот закон. За непочитување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата Државниот завод за ревизија располага со писмен акт-известување од Државната комисија за спречување на корупцијата.
За извршената продажба на деловниот простор одговорното лице укажува дека истите се продадени согласно Одлука и дека истите биле нудени на други и дека сеуште има непродадени дуќани. Бидејки ревизијата само го обелодени наведениот факт, и не се впушти во оценување на законитоста и постапката за начинот на продажба бидејки истите се извршувале во 2002 и 2003 година не го прифаќа доставениот приговор.

5. Приговорот на точката 11.4.10 кој се однесува на набавката на деловен простор и станбен простор по пат на склучување на договори за здружување на средства без одобрување од надлежните органи и притоа Комунална хигиена да не биде регистрирана за таа дејност **не се прифаќа**, поради тоа што истиот преставува само објаснување за неминовноста од превземање на наведените активности и

тоа било единствениот начин како да се наплатат средствата од Градот Скопје бидејќи тој немал редовно средства и дека основачот знаел бидејќи и тој потпишувал на изјавите за компензации или цесии. Исто така одговорното лице наведува дека само на овој начин успеал дел од средствата да ги наплати од одредени правни лица кои покасно потпаднале во стечај. Ваквата пракса била присутна и во претходниот период и дека овој начин на работење допринел кон подобрување на работењето на претпријатието. За искажаниот сомнеж за деловниот простор укажува дека анексот бил направен после техничкиот прием од страна на техничката служба и извршениот конечен премер и дека е тоа по негово секавање и дека нема увид во документите.

**Главен државен ревизор**

**Скопје, 18/05/2006 година**

**Д-р Драгољуб Арсовски**